Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-19/7
26.07 2021 год.
СКОПЈЕ

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по претставката со архивски број 0801-19/1 од 19.02.2020 поднесена од Здружение [redacted], застапувано од извршен директор [redacted], против Кафе бар [redacted], врз основа на член 21 став 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ број 258/2020 од 30.10.2020), на 06.07.2021 година го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

***Се утврди директна и интерескциска дискриминација од страна на* Кафе бар [redacted] *со седиште на* [redacted] *врз основа на етничка припадност, маргинализирана група, општествен статус и социјално потекло во областа на пристап до добра и услуги.***

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијта за заштита од дискриминација е поднесена претставка со архивски бр. 0801-19/1 на 19.02.2020 од страна на Здружение за [redacted] против Кафе бар [redacted] Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон, односно истите ќе бидат преземени и завршени од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во претставката е наведено дека на ден 28.01.2020 год страна на менаџерот на Кафе бар [redacted] на вработените во здружението не им бил дозволен влез во кафе-барот. Во моментот кога се обиделе да влезат во кафулето биле група со мешан етникум од кои тројца од ромска и две од македонска припадност. Иако видно имало слободни маси, лицата од страна на менаџментот биле известени дека без резервација на нивната фејсбук страна не може да бидат услужени. После кратка дискусија со менаџментот и сопсвеникот на Кафе бар [redacted] нервозно се обратил до лицата со зборовите "А претходно не ви сметаше кога ги бркаа од [redacted] кафе? Алудирајки на случајот на дискриминаторско однесување во кафулето [redacted] кафе за кое КЗД утврди постоење на дискриминација во 2019 по претставка поднесена од [redacted]. Во претставката е наведено дека по овој настан лицето [redacted] (дел од нивниот тим) испратил порака на фејсбук страната на Кафе бар [redacted] со барање за резервација на маса и од нивниот администратор им било одговорено дека ќе бидат известени за слободен термин дури наредната недела.

Поради ова подносителите бараат да се утврди дискриминација врз основа на маргинализирана група, општествен статус и социјално потекло. Сметаат дека ваквото дејствие покрај другото претставува и понижувачко постапување кое има за цел повреда на достоинството на одредена група на лица-Роми.

По поднесената претставка Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека согласно член 24, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката е поднесена во законски предвидениот рок од една година од денот на настанот со кој е сторена дискриминацијата. Претставката се однесува на пристап до добра и услуги, област која е покриена со член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Претставката се однесува на етничката припадност, маргинализирана група, општествен статус и социјално потекло дискриминаторска основа од член 5 од истиот закон.

Комисијата, за целосно утврдување на фактичката состојба, на 07.07.2021 поднесе барање за изјаснување архивски број 0801-19/6 до Кафе бар [redacted]. Од страна на Кафе бар [redacted] до Комисијата не беше доставен одговор.

Во текот на постапката Комисијата ги анализираше сите релевантни факти, поединечно и заедно како целина и констатира дека предметот на поднесената претставка се однесува на забрана за влез во Кафе бар. Комисијата констатира дека подносителот на претставката е дискриминиран по основ на етничката припадност, маргинализирана група, општествен статус и социјално потекло во областа на пристап до добра и услуги.

**Закон за спречување и заштита од дискриминација**

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (член 5).

Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите (Член 6).

Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа (Член 8, став 1).

Интерсекциска дискриминација е секоја дискриминација врз две или повеќе дискриминаторски основи што се истовремено и неразделно поврзани (Член 4 точка 13).

Во членот 9 од Уставот на Република Северна Македонија, е наведено: *„Граѓаните на Република Македонија* ***се еднакви*** *во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред уставот и законите* ***се еднакви***".

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во конкретниот случај го разгледа предметот и констатира дека е извршена директна и интерсекциска дискриминација, по основ на етничката припадност, маргинализирана група, општествен статус и социјално потекло. Имајќи предвид дека менаџерот и сопственикот на кафе барот не им дозволиле на

подносителите на претставката да влезат во кафе барот постои повреда на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата посебно ги зема во предвид изјавите од А.Б., Џ.Б, В.Ш, и Х.З, кои што поднесоа своерачно потпишани Изјави за потврда на настанот, и се ставени во прилог како доказ во поднесената претставка.

Во членот 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е наведено дека докажувањето дека нема дискриминација паѓа на товар на лицето против кого е поднесена претставката. Во конкретниот случај кафе барот не се произнесе по Барањето за изјаснување кои што беше доставено препорачано во законски предвидениот рок.

Понатаму, Комисијата ја зема во предвид и Европска конвенција за заштита на човековите права каде што во членот 14 се забранува дискриминација по сите основи меѓу кои и припадност на национално малцинство и социјално потекло, а Република Северна Македонија како нејзин потписник има обврска да ги преземе конкретните чекори во заштита на правата на сите граѓани на РСМ, а со тоа да обезбеди заштита од секаков вид на дискриминација против припадниците на маргинализирана заедница.

Врз основа на споменатото, Комисијата во согласност со член 27 став 2, како од Законот за спречување и заштита од дискриминација ја дава следната

## ПРЕПОРАКА

Се препорачува на Кафе бар [redacted] во иднина да обезбеди непречен и еднаков пристап до добрата и услугите на сите граѓаните на Република Северна Македонија без разлика на нивната етничка припадност, маргинализирана група, општествен статус и социјално потекло.

Се задолжува Кафе бар [redacted] да се извини ЈАВНО на својата Фејсбук страна на Здружението [redacted] и во минимум еден од печатените медиуми (Слободен печат, Вечер прес, Репро гринт), и за тоа да ја извести Комисијата.

Согласно член 27 став 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, лицето на кого е упатена препораката е ДОЛЖНО да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на препораката и за тоа да ја извести Комисијата.

Согласно член 27 став 4, доколку лице на кое е упатена препораката не постапи по препораката од членот 27 став 3, Комисијата поднесува барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци.

Скопје
26.07.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

**Доставено до:**

1.Здружение [redacted]

[redacted]

2. Кафе бар “[redacted]

[redacted]

*3.Архива на КСЗД*